

# Консолидиран Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2020 година

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................................................3
Остварени приходи во 2020 година.......................................................................................4
Остварени расходи во 2020 година .......................................................................................5
Консолидиран Финансиски резултат – Загуба ......................................................................6
Пренесена количина на електрична енергија и регулирана тарифа ........................................6
Резиме .......................................................................................................................................7

# Вовед

АД МЕПСО е компанија во целосна државна сопственост, која е формирана во 2005 година,со трансформација на Електростопанство на Македонија. Основна дејност на АД МЕПСО е непречен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа и редовен навремен ток на електрична енергија до своите клиенти: директните потрошувачи и до дистрибутивните мрежи на АД ЕВН Македонија и ЕСМ Енергетика.

Основните функции на АД МЕПСО се пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем. АД МЕПСО е одговорен за редовен пренос на електрична енергија од македонската граница до дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија и директните потрошувачи, исто така го организира и диспечира транзитот на електрична енергија, а воедно се грижи и за балансирањето на електроенергетскиот систем.

АД МЕПСО врши целосно, навремено и постојано остварување на јавниот интерес – навремен и стабилен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа, а воедно обезбедува управување со доверлив и стабилен електро-енергетски систем.

АД МЕПСО Скопје со состојба на 31.12.2020 година има вложувања во македонскиот оператор на пазар на електрична енергија-МЕМО ДООЕЛ Скопје, основна главнина, запишан и уплатен капитал во вкупен износ од 115.743.000 денари.

Податоците за АД МЕПСО, до 30. септември 2019 година ги содржат и податоците за подружницата ОПЕЕ – оператор на пазар на електрична енергија. Со одвојувањето на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како посебен правен субјект од 01 октомври 2019 година, Националниот оператор на пазар на електрична енергија води посебна евиденција за сите финансиски и останати деловни активности од своето работење. Исто така, ги евидентира приходите од регулираната енергетска дејност пазар, приходите и расходите од повластените производители на електрична енергија, како и останатите приходи и расходи, плати, амортизација и сл.

Консолидираниот годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2019 година ги содржи остварените податоци за работењето на електропреносниот систем оператор за 2019 година и остварените податоци од работењето во четвртиот квартал од 2019 година на Националниот оператор на пазар на електрична енергија- МЕМО ДООЕЛ Скопје.

Консолидираниот годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2020 година ги содржи остварените деловни и финансиски податоци за работењето на електропреносниот систем оператор - АД МЕПСО за тековната 2020 година и остварените деловни и финансиски податоци од работењето во 2020 година на Националниот оператор на пазар на електрична енергија- МЕМО ДООЕЛ Скопје.

# Остварени приходи во 2020 година

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) за 2020 година на АД МЕПСО од Друштвото кое е консолидирано, дополнително се евидентирани приходи на износ од 2.609.997 илјади денари, така што вкупните приходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 3.362.116 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување и изнесуваат 5.972.113 илјади денари.

Имено во деловната 2020 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО остварените вкупни приходи во висина од 5.972.113 илјади денари или 97,11 милиони евра, се резултат на остварените приходи на АД МЕПСО на износ од 3.362.116 илјади денари или 54,67 милиони евра и остварените приходи од МЕМО ДООЕЛ – Скопје во висина од 2.609.997 илјади денари или 42,44 милиони евра.

Од остварените приходи најзначаен е приходот од основната, регулирана дејност пренос на електрична енергија, кој изнесува 1.257.403 илјади денари или 20,45 милиони евра, приходот од пазарот на електрична енергија е остварен во вредност од 89.297 илјади денари или 1,45 милиони евра, приходот од алокација на прекуграничните преносни капацитети е остварен во вредност од 920.405 илјади денари или 14,97 милиони евра, а приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители изнесуваат 2.520.680 илјади денари или 40,99 милиони евра. Приходите од продажбата на електрична енергија од повластените производители се остваруваат и припаѓаат на МЕМО – ДООЕЛ Скопје.

Во останатите повисоки реализирани приходи во 2020 година учествуваат и приходите од балансирањето на износ од 841.792 илјади денари или 13,69 милиони евра, а сите останати приходи, (транзит, грант, камати, приклучоци, приходи од надомест на штети, приходи од поранешни години и приходи по други основи) изнесуваат 342.536 илјади денари или 5,57 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2020 година на износ од 5.972.113 илјади денари или 97,11 милиони евра бележат зголемување од 1% во однос од остварените консолидирани вкупни приходи во 2019 година на износ од 5.940.100 илјади денари (96,59 милиони евра) или се повисоки за 32.013 илјади денари или 0,52 милиони евра.

Имено, реализираните приходи од регулираните енергетски дејности од 1.346.700 илјади денари во 2020 година бележат зголемување од 2% или 19.915 илјади денари, компарирајќи ги со остварените од минатата година во висина од 1.326.785 илјади денари. Приходите од регулираните енергетски дејности бележат зголемување пред се поради зголемената регулирана просечна тарифа за пренос и за повисоката просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Имено, регулираната просечна тарифа за пренос во периодот од јануари до јули од 2020 година изнесува 0,1757 ден/kWh и е зголемена за 11,13 % и изнесува 0,1952 ден/kWh во периодот од август до декември од 2020 година. Просечната тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во периодот од јануари до јули од 2020 година изнесува 0,0049 ден/kWh, додека во периодот од август до декември од 2020 година изнесува 0,0081 ден/kWh, односно е зголемена за 63,93%.

Регулираната просечна тарифа за пренос во првото полугодие од 2019 година изнесуваше 0,2053 ден/kWh и е намалена за 14,44 % и изнесува 0,1757 ден/kWh во втората половина од 2019 година. Просечната тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во

првата половина од 2019 година изнесуваше 0,001768 ден/kWh, додека во втората половина од 2019 година изнесува 0,0049 ден/kWh, односно е зголемена за 178,01%.

Исто така и пренесените количини на електрична енергија во 2020 година од 6.785 GWh се за 9 GWh повисоки во однос на пренесените количини од 6.776 GWh во 2019 година.

Истовремено во тековната 2020 година споредено со 2019 година зголемување од 222.287 илјади денари или 10% бележат приходите од продадената електрична енергија од повластените производители од обновливи извори, приходите од камати и курсни разлики се повисоки за 1.084 илјади денари (5%), приходите по основ на балансирање – отстапување се повисоки за 138% или 488.293 илјади денари, евидентиран е износ на средства по основ на дебаланс пазар од 37.839 илјади денари, а минатата година не беа евидентирани приходи по тој основ.

Истовремено приходите по основ на доделување на прекуграничните преносни капацитети, алокација се пониски за 46% или 789.403 илјади денари, а намалени се приходите по основ на транзит, користење на интеркнективните системи за 33% или 25.629 илјади денари.

# Остварени расходи во 2020 година

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) од Друштвото кое се консолидира дополнително се евидентирани трошоци од работењето со што вкупните расходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 3.719.971 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување од 2.596.650 илјади денари т.е изнесуваат 6.316.621 илјади денари.

Во деловната 2020 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО, вкупните расходи во висина од 6.316.621 илјади денари или 102,71 милиони евра се повисоки од расходите на АД МЕПСО на износ од 3.719.971 илјади денари за остварените расходи во МЕМО ДООЕЛ Скопје, во вредност од 2.596.650 илјади денари или 42,22 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2020 година на износ од 6.316.621 илјади денари или 102,71 милиони евра бележат зголемување од 16% во однос од остварените консолидирани вкупни расходи во 2019 година на износ од 5.454.914 илјади денари (88,70 милиони евра ) или се повисоки за 861.707 илјади денари или 14,01 милиони евра.

Во консолидираниот биланс на успех, поголеми ставки на расходи претставуваат амортизацијата на износ од 451.831 илјади денари или 7,35 милиони евра, трошоците за балансен капацитет, во вредност од 712.907 илјади денари или 11,59 милиони евра, трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во преносната мрежа на износ од 430.822 илјади денари или 7,01 милиони евра, трошоците за бруто плати на износ од 513.319 илјади денари или 8,35 милиони евра, трошоците за алокација на прекугранични преносни капацитети на износ од 228.384 илјади денари или 3,71 милиони евра, трошоците за ТЕЦ Неготино, како одложена терциерна резерва на износ од 186.771 илјади денари или 3,04 милиони евра, како и трошоците за набавка на електрична енергија од повластените производители во износ од 2.554.482 илјади денари или 41,54 милиони евра. Трошоците за набавка на електрична енергија од повластените производители на електрична енергија се остваруваат и припаѓаат на МЕМО – ДООЕЛ Скопје.

Исто така значајни се и трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар кои се реализираа на износ од 38.266 илјади денари или 0,62 милиони евра, инвестиционото и тековното одржување во висина од 46.456 илјади денари или 0,76 милиони евра, премиите за осигурување се остварени во износ од 17.854 илјади денари или 0,29 милиони евра, вкупните обврски за камати по кредити и добавувачи изнесуваат 38.703 илјади денари или 0,63 милиони евра.

Останатите материјални и нематеријални трошоци, на износ од 1.096.826 илјади денари или 17,83 милиони евра ги вклучуваат трошоците за транспортни услуги, банкарските услуги,

трошоците на платниот промет, дневници за службени патувања во земјата и странство, патните трошоци, трошоците за стручно образование и технолошко усовршување, интелектуалните услуги како и трошоците за пропаганда, промоции, реклама, репрезентација, трошоците по основ на балансниот механизам и сл.

## Консолидиран Финансиски резултат – Загуба

Во деловната 2020 година АД МЕПСО оствари консолидиран вкупен приход во висина од 5.972.113 илјади денари и консолидиран вкупен расход на износ од 6.316.621 илјади денари и консолидирана загуба во висина од 344.508 илјади денари.

Имено, во деловната 2020 година само АД МЕПСО-електропреносниот систем оператор оствари вкупен приход во висина од 3.362.116 илјади денари, вкупен расход во износ од 3.719.971 илјади денари и загуба од редовното работење во висина од 357.855 илјади денари.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ- Скопје во деловната 2020 година оствари вкупни приходи во висина од 2.609.997 илјади денари и вкупни расходи во висина од 2.596.650 илјади денари или добивка од редовното работење во висина од 13.347 илјади денари.

Поради тоа, консолидирано АД МЕПСО оствари негативен финансиски резултат од редовното работење во висина од 344.508 илјади денари (загуба пред оданочување) или 5.601.756 евра.

## Пренесена количина на електрична енергија и регулирана тарифа

Вкупно пренесените количини на електрична енергија од 6.785 GWh во 2020 година се за 9 GWh повисоки од пренесените количини на електрична енергија од 6.776 GWh во 2019 година.

Регулираната просечна тарифа за услугата пренос на електрична енергија одобрена од Регулаторната комисија за енергетика (РКЕВУ) до 31.07.2020 година изнесуваше 0,1757 ден/kWh, а од 01.08.2020 година е зголемена за 11,13% и изнесува 0,1952 ден/kWh.

Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија одобрена од РКЕВУ до 31.07.2020 година изнесуваше 0,0049 ден/kWh, а од 01.08.2020 година 0,0081 ден/kWh, односно е зголемена за 63,93 %.

# Резиме

Во консолидираните финансиски извештаи на АД МЕПСО за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година остварени се вкупни приходи во висина од 5.972.113 илјади денари или 97,11 милиони евра, што е 1 % повисоко споредено со остварените консолидирани вкупни приходи за 2019 година во висина од 5.940.100 илјади денари или 96,59 милиони евра.

Консолидираните вкупни расходи во деловната 2020 година изнесуваат 6.316.621 илјади денари или 102,71 милиони евра, што значи дека се 16% повисоки споредено со остварените консолидирани расходи за 2019 година на износ од 5.454.914 илјади денари, односно 88,70 милиони евра.

**Во деловната 2020 година АД МЕПСО оствари консолидиран негативен финансиски резултат – загуба пред оданочување од 344.508 илјади денари или 5,60 милиони евра.**

**Консолидирани приходи и расходи- трошоци на АД МЕПСО**

| | 2019 година | | 2020 година | | разлика 2020-2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(4 -2) | 7(5-3) | 8(4/2) |
| 1 приходи | 5.940.100 | 96.586.992 | 5.972.113 | 97.107.528 | 32.013 | 520.537 | 101 |
| 2 расходи | 5.454.914 | 88.697.789 | 6.316.621 | 102.709.285 | 861.707 | 14.011.496 | 116 |
| **добивка - загуба(1-2)** | **485.186** | **7.889.203** | **(344.508)** | **(5.601.756)** | **(829.694)** | **(13.490.959)** | **(71)** |

Во минатата 2019 година консолидираниот позитивен финансиски резултат – добивка пред оданочување изнесуваше од 485.186 илјади денари или 7,89 милиони евра.

Во Годишната сметка на АД МЕПСО Скопје за 2020 година остварени се следните финансиски резултати искажани во следната табела:

**Консолидирани приходи и расходи- трошоци на АД МЕПСО за 2020 година - остварување**

| | АД МЕПСО | | МЕМО ДООЕЛ Скопје | | АД МЕПСО консолидирано | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(4+2) | 7(5+3) |
| 1 приходи | 3.362.116 | 54.668.553 | 2.609.997 | 42.438.976 | 5.972.113 | 97.107.528 |
| 2 расходи | 3.719.971 | 60.487.333 | 2.596.650 | 42.221.951 | 6.316.621 | 102.709.285 |
| **добивка - загуба(1-2)** | **(357.855)** | **(5.818.780)** | **13.347** | **217.024** | **(344.508)** | **(5.601.756)** |

Прилог:

- **Табела бр.1 Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2020 година-Консолидирана**
- **Табела бр.1а Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2019 и 2020 година-Консолидирана**
- **Табела бр.2 Биланс на состојба на АД МЕПСО за 2020 година - консолидиран**

Изработил:
Служба за оперативен контролинг, план и анализа
Ангелина Петреска, дипл.ек

УО.бр.02-1894/3
29.03.2021 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР
Kushtrim Ramadani

Табела бр.1а

# ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА АД МЕПСО во 2019 и 2020 година КОНСОЛИДИРАНА

| | | | во 000 ден. | во ЕУР | | во 000 ден. | во ЕУР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мепсо КОНСОЛ. остварување | Мепсо КОНСОЛ. остварување | Мепсо Консол | Мепсо КОНСОЛ. остварување | Мепсо КОНСОЛ. остварување | Мепсо Консол | индекс |
| | елементи | конто | I-XII 2019 | I-XII 2019 | % уч | I-XII 2020 | I-XII 2020 | % уч | 7/4 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | **приходи** | | | | | | | | |
| (1+2) | **Приходи од регул. дејност- вкупно** | | 1.326.785 | 21.573.740 | 22,34 | 1.346.700 | 21.897.561 | 22,55 | 102 |
| 1 | **Приходи од регул. дејност- п р е н о с** | | 1.303.320 | 21.192.195 | 21,94 | 1.257.403 | 20.445.577 | 21,05 | 96 |
| 1а | Приходи од дистриб. - пренос | 74.010 | 1.063.404 | 17.291.122 | 17,90 | 991.033 | 16.114.358 | 16,59 | 93 |
| 1б | Приходи од дир.потрош на ел ен- пренос | 74012; 74011 | 192.330 | 3.127.317 | 3,24 | 180.441 | 2.934.000 | 3,02 | 94 |
| 1в | Приходи од акт.ел. ен -врвна моќност | 74.022 | 40.723 | 662.163 | 0,69 | 79.191 | 1.287.659 | 1,33 | 194 |
| 1г | Приходи од реактивна ел. ен | 74.014 | 6.863 | 111.593 | 0,12 | 6.738 | 109.561 | 0,11 | 98 |
| 2 | **Приходи од регул. дејност- п а з а р** | 1018 ;74019; 740 | 23.465 | 381.545 | 0,40 | 89.297 | 1.451.984 | 1,50 | 381 |
| 3 | Приходи од прод. на ел ен од повл.произв. | 74.023 | 2.298.393 | 37.372.244 | 38,69 | 2.520.680 | 40.986.667 | 42,21 | 110 |
| 4 | Приходи од компензација | 74.024 | - | - | - | 71.102 | 1.156.130 | 1,19 | |
| 5 | Приходи од секундарана регулација aFRR | 74.025 | - | - | - | 46.983 | 763.951 | 0,79 | |
| 6 | Приходи од терциерна регулација mFRR | 74.026 | - | - | - | 65.758 | 1.069.236 | 1,10 | |
| 7 | Приходи од балансирање -отстапување | 74.021 | 353.499 | 5.747.951 | 5,95 | 841.792 | 13.687.675 | 14,10 | 238 |
| 8 | Приходи од корист. на интерконект.сист- ITC | 7.423 | 78.009 | 1.268.439 | 1,31 | 52.380 | 851.707 | 0,88 | 67 |
| 9 | Приходи од камати, курсни разлики | 774, 775 | 20.504 | 333.398 | 0,35 | 21.588 | 351.024 | 0,36 | 105 |
| 10 | Приходи од алокација | 7.421 | 1.709.808 | 27.801.756 | 28,78 | 920.405 | 14.965.935 | 15,41 | 54 |
| 11 | Приходи од судски спорови | 76.926 | 57.977 | 942.715 | 0,98 | 8.511 | 138.390 | 0,14 | 15 |
| 12 | Приходи од надомест на штети | 7.691 | 1.224 | 19.902 | 0,02 | 15.197 | 247.106 | 0,25 | 1.242 |
| 13 | Приходи од надом.за приклуч. | 7.677 | 16.183 | 263.138 | 0,27 | 16.183 | 263.138 | 0,27 | 100 |
| 14 | Прходи од грант -(Сискон Сименс) | 7.678 | 1.628 | 26.472 | 0,03 | 1.628 | 26.472 | 0,03 | 100 |
| 15 | Прходи од грант - Тринити | 7.679 | 2.517 | 40.927 | 0,04 | - | - | - | - |
| 16 | Приходи од поранешни години | 7.697 | 241 | 3.919 | 0,00 | 597 | 9.707 | 0,01 | 248 |
| 17 | Приходи од наплатена гаранција | 76.928 | 27.568 | 448.260 | 0,46 | 68 | 1.106 | 0,00 | 0 |
| 18 | Приходи од јавен интерес | 76.929 | 3.473 | 56.472 | 0,06 | 1.737 | 28.244 | 0,03 | 50 |
| 19 | Приходи по други основи- дебаланс пазар | 7.300 | - | - | - | 37.839 | 615.268 | 0,63 | |
| 20 | Приходи по други основи | | 42.291 | 687.659 | 0,71 | 2.965 | 48.211 | 0,05 | 7 |
| | **I вкупни приходи** | | 5.940.100 | 96.586.992 | 100,00 | 5.972.113 | 97.107.528 | 100,00 | 101 |
| | **расходи** | | | - | | - | | | |
| 1 | Амортизација | 432 | 425.636 | 6.920.911 | 7,80 | 451.831 | 7.346.846 | 7,15 | 106 |
| 2 | Матер. енерг. рез делови и сит инв. | ############# | 34.567 | 562.065 | 0,63 | 38.266 | 622.211 | 0,61 | 111 |
| 3 | Трошоци за сопствена потрошувачка | 40.300 | 17.660 | 287.154 | 0,32 | 21.217 | 344.992 | 0,34 | 120 |
| 4 | Инвестиционо и тековно одржување | 412, 413 | 58.675 | 954.065 | 1,08 | 46.456 | 755.382 | 0,74 | 79 |
| 5 | Тр-ци за корист. на интерконект.сист.(транзи | 41.963 | 19.188 | 312.000 | 0,35 | 30.299 | 492.667 | 0,48 | 158 |
| 6 | Трошоци за системски услуги | 40.201 | 938.061 | 15.253.024 | 17,20 | - | - | - | - |
| 7 | Трошоци за aFRR балансен капацитет | 40.201 | - | - | - | 203.060 | 3.301.789 | 3,21 | |
| 8 | Трошоци за mFRR балансен капацитет | 40.202 | - | - | - | 509.847 | 8.290.195 | 8,07 | |
| 9 | Трошоци за BOS- отстапување | 40.203 | - | - | - | 151.770 | 2.467.805 | 2,40 | |
| 10 | Трошоци за технички загуби | 40200/40205 | 475.422 | 7.730.439 | 8,72 | 430.822 | 7.005.236 | 6,82 | 91 |
| 11 | Произв.услуги пазар мепсо | 40.204 | 388 | 6.309 | 0,01 | 5.973 | 97.122 | 0,09 | 1.539 |
| 12 | Трошоци за ТЕЦ Неготино | 40.206 | 93.386 | 1.518.472 | 1,71 | 186.771 | 3.036.927 | 2,96 | 200 |
| 13 | Трошоци за компензација | 40.207 | - | - | - | 202.216 | 3.288.065 | 3,20 | |
| 14 | Трошоци за aFRR балансна енергија | 40.208 | - | - | - | 128.540 | 2.090.081 | 2,03 | |
| 15 | Трошоци за mFRR балансна енергија | 40.209 | - | - | - | 391.385 | 6.363.984 | 6,20 | |
| • | Трошоци за користење на пренос. мрежа | 40.210 | - | - | - | 62 | 1.008 | 0,00 | |
| •• | Порамнување на отстапување - дебаланс | 4.495 | - | - | - | 10.406 | 169.203 | 0,16 | |
| 16 | Тр-ци за алокација за прекугран. капацитет | 41.965 | 393.193 | 6.393.382 | 7,21 | 228.384 | 3.713.561 | 3,62 | 58 |
| 17 | Останати материјални и немат. трошоци | | 135.825 | 2.208.537 | 2,49 | 78.655 | 1.278.943 | 1,25 | 58 |
| | - транспортни услуги, ПТТ и сл. | 410, 411 | 4.970 | 80.813 | 0,09 | 5.986 | 97.333 | 0,09 | 120 |
| | - днев.за сл патув и патни трошоци | 440 | 20.680 | 336.260 | 0,38 | 12.382 | 201.333 | 0,20 | 60 |
| | - трошоци за донации и спонзорства | 443 | 31.950 | 519.512 | 0,59 | 8.689 | 141.285 | 0,14 | 27 |
| | - трош. за пром. проп. рекл, репрез. | 444 | 2.068 | 33.626 | 0,04 | 1.143 | 18.585 | 0,02 | 55 |
| | - банкарски усл и трош на плат. промет | 446 | 1.547 | 25.154 | 0,03 | 1.338 | 21.756 | 0,02 | 86 |
| | - трош за интел усл.- авторски хонорари | 44906 | 5.838 | 94.927 | 0,11 | 5.133 | 83.463 | 0,08 | 88 |
| | - останати трошоци | | 68.772 | 1.118.244 | 1,26 | 43.984 | 715.187 | 0,70 | 64 |
| 18 | - Трошоци за изгубени спорови | 4694 | 1.194 | 19.415 | 0,02 | 1.295 | 21.057 | 0,02 | 108 |
| 19 | Плати бруто | 421 | 425.323 | 6.915.821 | 7,80 | 513.319 | 8.346.650 | 8,13 | 121 |
| 20 | Трош за надом на штети | 468 | 13.867 | 225.480 | 0,25 | 1.798 | 29.236 | 0,03 | 13 |
| 21 | Премии за осигурување | 445 | 22.170 | 360.488 | 0,41 | 17.854 | 290.309 | 0,28 | 81 |
| 22 | Камати по кредити и добавувачи | 474+479+475 | 26.617 | 432.797 | 0,49 | 38.703 | 629.317 | 0,61 | 145 |
| | - камати од раб со неповр. субјекти | 474 | 17.764 | 288.846 | 0,33 | 25.318 | 411.676 | 0,40 | 143 |
| | - затезни камати | 479 | 1.231 | 20.016 | 0,02 | 244 | 3.967 | 0,00 | 20 |
| | - курсни разл од раб со непов субјекти | 475 | 7.622 | 123.935 | 0,14 | 13.141 | 213.675 | 0,21 | 172 |
| 23 | Надом. за трош на враб.(отпремнина) | 422, 441 | 41.244 | 670.634 | 0,76 | 37.575 | 610.976 | 0,59 | 91 |
| 24 | Даноци кои не зависат од резултатот | 447 | 35.942 | 584.423 | 0,66 | 35.635 | 579.431 | 0,56 | 99 |
| 25 | Трош за наб на ел ен .од повл.произ(обн.изв | 7.016 | 2.296.556 | 37.342.374 | 42,10 | 2.554.482 | 41.536.293 | 40,44 | 111 |
| | **II вкупни расходи** | | 5.454.914 | 88.697.789 | 100,00 | 6.316.621 | 102.709.285 | 100,00 | 116 |
| | **добивка-загуба ( I - II )** | | 485.186 | 7.889.203 | | (344.508) | (5.601.756) | | (71) |
| | **пренес. ел. енер. во GWh** | | 6.776 | 6.776 | | 6.785 | 6.785 | | 100 |

## Биланс на состојба — Табела бр.2

**(Извештај за финансиската состојба )**

**на АД МЕПСО состојба на 31.12.2020 година - консолидирана**

(во 000 ден)

| елементи | МЕПСО КОНСОЛ. (31.12.2020) | уч % | МЕПСО КОНСОЛ. (31.12.2019) | уч % | индекс 2020 /2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **А К Т И В А** | | | | | |
| **А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА)** | **7.913.151** | **73** | **7.827.927** | **73** | **101** |
| **1.Нематеријални средства** | **50.901** | **0** | **36.034** | **0** | **141** |
| -издатоци за истражувања и развој | - | - | - | - | |
| -концесии, патенти, лиценц, заштитни знаци и др права | 18.581 | 0 | 3.714 | 0 | 500 |
| - нематеријални средства во подготовка | 32.320 | 0 | 32.320 | 0 | 100 |
| **2. Материјални средства** | **7.855.341** | **73** | **7.784.984** | **73** | **101** |
| **- Недвижности (а+б)** | **3.975.814** | **37** | **3.850.445** | **36** | **103** |
| а. Земјишта , шуми | 19.074 | 0 | 18.591 | 0 | 103 |
| б. Градежни објекти | 3.956.740 | 37 | 3.831.854 | 36 | 103 |
| - Постројки и опрема | 1.439.507 | 13 | 1.329.820 | 12 | 108 |
| - Транспортни средства | 43.386 | 0 | 69.994 | 1 | 62 |
| - Алат, погон и канцел.инвен и мебел | 175.729 | 2 | 151.963 | 1 | 116 |
| - Аванси за материјални средства | 296.608 | 3 | 130.621 | 1 | 227 |
| - Материјални средства во подготовка | 1.923.282 | 18 | 2.251.126 | 21 | 85 |
| - Останати материјални средства | 1.015 | 0 | 1.015 | 0 | 100 |
| **3. Вложувања во недвижности** | - | - | - | - | - |
| **4. Долгорочни финансиски средства** | **6.909** | **0** | **6.909** | **0** | **100** |
| - вложувања во подружници | - | - | - | - | |
| - влож, во придр друш, и учества во заедн влож. | 6.909 | 0 | 6.909 | 0 | |
| - вложувања во долг. хартии од вредност | - | - | - | - | |
| а) влож. во хартии од вредност кои се чув. до доспевање | - | - | - | - | |
| б) влож. во хартии од вредн. располож. за продажба | - | - | - | - | |
| - остан. долг. финансиски средства | - | - | - | - | - |
| **5. Долгорочни побарувања** | - | - | - | - | |
| **6 Одложени даночни средства** | - | - | - | - | |
| **Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (обртни средства)** | **2.809.443** | **26** | **2.860.768** | **27** | **98** |
| **1. Залихи** | **57.087** | **1** | **53.066** | **0** | **108** |
| - на суровини и материјали | 15.811 | 0 | 14.480 | 0 | 109 |
| - на рез делови, сит.инв., амбалажа и автогуми | 41.276 | 0 | 38.586 | 0 | 107 |
| **2. Средства за отуѓувањ, наменети за прод. и прек** | - | - | - | - | |
| **3. Краткорочни побарувања** | **1.157.151** | **11** | **866.265** | **8** | **134** |
| - побарувања од поврзани субјекти | - | - | - | - | |
| - побарувања од купувачите | 1.107.623 | 10 | 751.927 | 7 | 147 |
| - побарув. од дадени аванси | 2.635 | 0 | 2.485 | 0 | |
| - поб. од држав. по основ на даноци, прид , царина | 46.684 | 0 | 111.668 | 1 | |
| - побарувања од вработените | 102 | 0 | 78 | 0 | 131 |
| - останати краткорочни побарувања | 107 | 0 | 107 | 0 | |
| **4. Краткорочни финансиски средства** | **36.032** | **0** | **33.208** | **0** | **109** |
| - побарувања по дадени заеми | 35.932 | 0 | 33.108 | 0 | |
| - останати краткорочни побарувања | 100 | 0 | 100 | 0 | 100 |
| **5. Парични средства и парични еквиваленти** | **1.559.173** | **14** | **1.908.229** | **18** | **82** |
| **6. Платени трош за идн. периоди и пресмет прих.(АВР)** | **49.828** | **0** | **7.891** | **0** | **631** |
| **В К У П Н А А К Т И В А (А+Б+6)** | **10.772.422** | **100** | **10.696.586** | **100** | **101** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА- АКТИВА** | - | | - | | |
| **П А С И В А** | | | | | |
| **А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **6.861.238** | **64** | **7.206.797** | **67** | **95** |
| **I. Основна главнина** | 3.356.310 | **31** | 3.356.310 | **31** | **100** |
| II. Премии за емитирани акции | - | | | - | |
| III. Сопствени акции | - | | | - | |
| IV. Запишан неплатен капитал | - | | | - | |
| **V. Ревалор.резерва и разлики од вредн на сеопф д** | **60.903** | **1** | **60.903** | **1** | **100** |
| **VI. Резерви** | **3.159.148** | **29** | **2.708.820** | **25** | **117** |
| 1. Законски резерви | 298.542 | 3 | 276.026 | 3 | 108 |
| 2. Статутарни резерви | - | | - | - | |
| 3. Останати резерви | 2.860.606 | | 2.432.794 | 23 | |
| VII Акумулирана добивка | 630.436 | 6 | 630.436 | 6 | |
| VIII Пренесена загуба | - | - | - | - | |
| IX Добивка за деловната година | - | - | 450.328 | 4 | - |
| X Загуба за деловната година | 345.559 | 3 | - | - | |
| XI Главнина на сопствениците на матичното друштво | - | - | - | - | |
| XII Неконтролирано учество | - | - | - | - | |
| **Б. ОБВРСКИ** | **3.079.197** | **29** | **2.805.080** | **26** | **110** |
| **I. Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | - | - | - | - | |
| **II. Долгорочни обврски** | **1.787.475** | **17** | **1.704.114** | **16** | **105** |
| - обврски за аванси, депозити и кауции | | | | - | |
| - обврски по основ на заеми и кредити | 1.787.475 | 17 | 1.704.114 | 16 | 105 |
| **III. Одложени даночни обврски** | - | | | - | |
| **IV. Краткорочни обврски** | **1.291.722** | **12** | **1.100.966** | **10** | **117** |
| 1. - обврски спрема поврзани друштва | | - | | - | |
| 2. - обврски спрема добавувачи | 755.270 | 7 | 704.318 | 7 | 107 |
| 3. - обврски за аванси, депозити и кауции | 152.680 | 1 | 106.221 | 1 | 144 |
| 4.- обврски за даноци и придонеси на плата и надомести на плата | | | | - | |
| 5 - обврски кон вработените | | | | - | |
| 6.- тековни даночни обврски | 37.064 | 0 | 518 | 0 | |
| 7.- краткорочни резервирања за ризици и трошоци | - | | | - | |
| 8.- обврски по основ на заеми и кредити | 344.532 | 3 | 287.838 | 3 | 120 |
| 9. - останати обврски | 2.176 | 0 | 2.071 | 0 | |
| **V. ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ( ПI** | **831.987** | **8** | **684.709** | **6** | **122** |
| **VI. Обврски по основ на нетековни средства** | - | - | - | - | |
| **В К У П Н А П А С И В А (А+Б +V)** | **10.772.422** | **100** | **10.696.586** | **100** | **101** |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА** | - | | - | | |